РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1132/8
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1132/1 од 19.03.2025 година, оформен по доставена пријава против Градоначалникот и Советот на Општина ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1132/1 од 19.03.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.03.2025 година, поднесена е пријава против Градоначалникот и Советот на Општина --- и оформен е предмет бр. 12-1132/1 од 19.03.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на Одлука бр. 09-2483/16, донесена од страна на Советот на Општина ---, на седница одржана на 13.03.2025 година, а која се однесувала на детален урбанистички план за Градска четврт --- (бул. ---), и била иста со одлуката за детален урбанистички план претходно укината од Уставниот суд на РСМ. Подносителот на пријавата ценел дека согласно член 71 и член 75 од Законот за локална самоуправа, постоеле услови за да се утврди кривична

одговорност на Градоначалникот, да се распушти Советот, како и да се поништи незаконската одлука за ДУП, сето тоа поради неспроведување на одлука на Уставен суд.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот инспекторат за локална самоуправа.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Со допис – Достава на документација арх. бр. 03-77/2 од 10.04.2025 година, Државниот инспекторат за локална самоуправа, ја информира ДКСК дека на ден 02.04.2025 година до инспекторатот било доставено Барање за надлежно постапување, во врска со предмет по доставена пријава со наводи за Одлука бр. ---, донесена од Совет на Општина ---, на седница одржана на ден 13.03.2025 година, иста со Одлуката за детален урбанистички план укината од Уставен суд.
На ден 02.04.2025 година, инспекторатот извршил вонреден инспекциски надзор во Општина ---, по однос на истите наводи, по претходно доставена иницијатива преку официјалниот маил на инспекторатот.
На ден 13.03.2025 година, била одржана редовна седница во Советот на Општина ---, каде што била донесена Одлука за донесување на детален урбанистички план бр. ---, од увид во цела документација било констатирано дека согласно Закон за локална самоуправа, била испочитувана постапката за донесување на прописот.
Државниот инспекторат за локална самоуправа, надзорот го извршил согласно Законот за Државен инспекторат за локална самоуправа, член 3 став 1 алинеја 2: " "надзор" е надзор над законитоста на прописите на општините кој го врши Инспекторатот во смисла на Законот за локалната самоуправа и по иницијативи на физички и правни лица", и член 5 од истиот закон. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт --- (---) Општина --- Скопје, донесена од Советот на Општина --- на 13.03.2025 година, била објавена во Службен гласник на Општина ---бр. 3/25. Основот за донесување на одлуката, покрај одредбите утврдени во Закон за локална самоуправа, бил и член 26 став 4 алинеја 1 од Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Република Македонија" бр, 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/15) и член 23 став 3 од Закон за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24). Постапката за донесување и спроведување на детален урбанистички план е согласно одредбите утврдени во Законот за урбанистичко планирање, надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно член 82 од Законот за урбанистичко планирање. Во член 84, став 2 и став 3 алинеја 4 од Законот за урбанистичко планирање се утврдува предметот на надзор, како и важењето на урбанистичките планови од член 23 од истиот закон и член 87 од истиот закон. Согласно горенаведеното, предметот бил препратен до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како би постапиле согласно нивните законски надлежности.

Со допис – Известување арх. бр. --- од 30.07.2025 година, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ја информира ДКСК дека до нив пристигнало Наше барање со наводи за донесена Одлука бр. ---, од страна на Совет на Општина ---на седница одржана на 13.03.2025 година, а која се однесува на Деталниот урбанистички план за ГЧ --- (---) и била иста со Одлуката за ДУП укинат од Уставен суд на РСМ.
ДКСК била известена од страна на Инспекторатот на ден 21.05.2025 година, дека по анонимна преставка за истиот ДУП, веќе било постапено од нивна страна и дека било испратено барање за дополнителна документација и произнесување на стручните служби од Општина ---.
Дополнително, известуваат дека службеникот ---, Советник урбанистички инспектор кој го водел овој предмет, во периодот од 27.05.2025-25.06.2025 година, била на болничко отсуство, поради што немало можност навремено да се одговори на Нашето барање. Веднаш штом се создадале услови ја разгледале документацијата испратена од Општина --- на 30.07.2025 година и констатирале дека стручните служби на Општина --- постапиле согласно член 23 став (3) од Законот за урбанистичко планирање, според кој Деталниот урбанистички план за ГЧ --- ќе биде донесен со постапка која се состои само од спроведување на

делот од постапката за кој се однесува пропустот и бил услов за укинување на планот.
Општина --- ја отпочнала постапката со испраќање на барање на мислење со бр. --- од 19.06.2023 до Министерството за животна средина, со одлука за неспроведување на стратешка оцена со број: --- од 19.06.2023 година, на што Министерството за животна средина испратило Известување со број --- од 26.06.2023 година дека ја прифаќа Одлуката на Општина ---. На официјалната страна на Општина --- бил објавен Синтезниот план, Одлуката и Сеа Формата (услов поради кој бил укинат ДУП од Уставен Суд) и се пристапило кон донесување на Одлука бр. --- од 13.03.2025 година, од Советот на Општина --- за донесување на ДУП за ГЧ --- (---).

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на горенаведените инспекторати, ДКСК утврди дека Советот на Општина --- при донесувањето на оспорената нова одлука за донесување на ДУП за ГЧ --- (---), ги отстранил недостатоците поради кои бил укинат претходниот ДУП од страна на Уставниот суд на РСМ.

Наводот на подносителот на пријавата за непочитување, односно неспроведување на одлука на Уставниот суд на РСМ е неоснован видно од целокупната горенаведена документација.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk